С О В Е Т НА О П Ш Т И Н А Г А З И Б А Б А - С К О П Ј Е

# З А П И С Н И К

## Од ДЕСЕТТАТА седница на Советот на Општина Гази Баба, одржана на 07.05.2018 година

СКОПЈЕ, МАЈ 2018 ГОДИНА

**З А П И С Н И К**

**Од Десеттата седница на**
**Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 07.05.2018 година**

Седницата започна во 12,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше, Претседателот на Советот на Општина Гази Баба, **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот, на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Нацрт - Записникот од **Деветтата** седница на Советот на Општина Гази Баба се подготвува и од тие причини не è доставен навремено до Советот.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следните предлози за изменување и дополнување на дневниот ред:

**Дополнување** на дневниот ред со следните точки:

**4.** Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба; и

**5.** Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

**Изменување** на дневниот ред:

Точката 4. **Советнички прашања** станува точка 6.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Предлагам повлекување на точката - Советнички прашања од предложениот дневен ред.

Предлогот за повлекување на **точка 6** од предложенот дневен ред за работата на седницата на Советот, го стави на гласање.

Предлогот беше прифатен со **22 гласа "ЗА"**.

За работата на седницата со **24 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-906/2016 за дел од КП 1273/3 КО Гази Баба;
2. Предлог - Одлука за изменување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух;
3. Предлог - Правила за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба;
4. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба; и
5. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

**ПРВА ТОЧКА: Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-906/2016 за дел од КП 1273/3 КО Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 04.05.2018 година.

Комисијата предлага на Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-906/2016 за дел од КП 1273/3 КО Гази Баба; и
- Предлог - Одлука за изменување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја го донесе Одлуката за утврдување на потреба од измена на урбанистичко-планска документација, со која ќе се изврши промена во намената на земјиштето, по барање УП1 бр.28-906/2016 за дел од КП 1273/3 КО Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Заклучокот за прифаќање на мерки за намалување на загадувањето на амбиенталниот воздух, со **26 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Правила за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на статутарно-правната комисија - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 04.05.2018 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Правила за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Детално ги образложи Предлог-Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ги донесе Правилата за работа на урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Потребни се 10 минути за на седница на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања се определат членовите на комисиите за проценка на штети и ќе предложам тие да бидат од општинската администрација.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

**Давам пауза од 10 минути** за да се одржи седница на комисија за мандатни прашања, избори и именувања за да завземе став по однос на:

4. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба; и
5. Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

**По паузата.**

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања – **Тони Бојковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 07.05.2018 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следните материјали:

- Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба; и
- Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.

Со следниот состав утврден на седницата на комисијата и предложен до Советот:

Комисија за процена и утврдување на висината на штетата на **земјоделски култури**, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба:

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** | **- САШО КУТЛЕШОВСКИ** | (член на Совет на Општина Гази Баба), |
| **ЧЛЕНОВИ,** | **- ВАСИЛ ГАЏОВСКИ** | (општинска администрација), |
| | **- ДЕМИРАЛИ ИСЛАМИ** | (општинска администрација), |
| | **- ЈАСМИНА МАРИНКОВИЌ** | (општинска администрација). |
| | **- ВАЛЕНТИНА КОЛЕВ** | (општинска администрација) и |
| | **- АДНАН АЈРУЛА** | (општинска администрација). |

Комисија за процена и утврдување на висината на штетата на **градежни објекти**, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба:

| | | |
|---|---|---|
| **ПРЕТСЕДАТЕЛ,** | **- АНДРЕА НАЈДЕНОВСКИ** | (член на Совет на Општина Гази Баба), |
| **ЧЛЕНОВИ,** | **- СНЕЖАНА СТОЈАНОВСКА** | (општинска администрација),и |
| | **- ВАСЕ ЈАКОВ** | (општинска администрација). |

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

На 6 август 2016 година се случи поплава. Неколку дена потоа актуелниот Градоначалник Борис Георгиевски на прес конференција истакна дека поплавите се случиле поради неодговорност на Никола Груевски, Коце Трајановски и Тони Трајковски. Кој е одговорен за вчерашната поплава ?. Ченто беше под вода исто и Страчинци. Кој е виновен за поплавата ? Дали се тоа Георгиевски, Шилегов или Заев. Не, ние тоа нема да го сториме тоа, нема да ја мешаме политиката таму каде

не треба да се меша политиката и нема да печалиме политички поени на несреќата на граѓаните. Каналите во Сингелиќ се скоро затворени. Вие бевте тие кои тврдевте дека каналите не се чистат, фала богу што сега нема жртви. Навистина треба да мислите дека времето се носи. На што би личело сега ако ние излеземе на прес конференција и да тврдиме дека сте вие виновен за настанатата поплава. Вие тогаш небевте искрени, но ние сега ќе бидеме и ќе дадеме поддршка за донесување на овие Предлог-Одлуки.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Никогаш не сум користел туѓа несреќа за политички поени. Ќе се согласите дека 22 години претходно и 6 месеци како Градоначалник е невозможно да се изгради подземна инфраструктура во корист на цела општина. Се случи елементарна непогода, после две години на ист ден и различен месец најверојатно некој ни испраќа порака. Целта е денес да се донесат овие Предлог-Одлуки за да можат комисиите да излезат на терен и да ја утврдат штетата. Како прва општина донесовме Одлука за утврдување на ерозивно подрачје, баш од тие причини односно од она што се случи претходно. Максимално се ангажирани сите служби во насока на санирање на последиците од невремето. Цел месец се обидуваме да ја решиме атмосферската канализација на Сава Михајлов. Тоа што вчера се случи, до 23 часот сите патни правци беа отсечени. Денес се исчисти делот од Брњарци до Стајковци и Сингелиќ. Ситуацијата беше сложена но истата е под контрола. Има разлика во однос на нивото на вода на 6 август 2016 година и на 6 мај годинава. Јас бев повеќепати јасен дека со завршување на изборите, заврши и политиката во општината.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Една мала реплика на говорот на колегата Трајковски. Мое гледање на работите е дека сепак мора и треба некој да понесе одговорност. Неможе никој да нема одговорност. Дајте малку да ги потикнеме инспекциите да си ја вршат својата работа. Има изградени гаражи и диви објекти на самите канали. До сега ништо не е сторено. Мора превентивно да се делува.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Има една работа која мора да се потенцира. Имаше едно барање од граѓани од улица Товарник, со кое се побара да не се отстапува од урбанистичкиот план за тој потег. Улицата мора да биде слободна од двете страни на тротоарите. Тоа е отворено грло, можеби подобро да не беа започнати градежните активности, ќе имаше помала штета. Од елементарна непогода никој неможе да побегне, но мора да се обрне поголемо внимание на тој потег.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Јас бев со граѓаните на каналот на улица 6 во Стајковци. Јас како координатор за поплавите заедно со граѓаните ги видовме сите болни точки. Има една нова ситуација, а тоа е што никогаш порано од Страчинци водата не се спуштала на автопат. Таму има едно каналче кое треба да прибере вода од автопат. Тоа не е соодветен канал. Мој предлог е на тоа грло да се стави ѕид или 300-400 вреќи песок како превентива.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Се è во ред во насока на предлози за превенција. Каналот над северната заобиколница е чист. Најголем проблем е воочен во тоа како е изграден мостот на самиот канал кој е намалку 70-80 над дозволеното ниво и побаравме техничка документација за тоа како истиот е изграден. Некој што пред 15 години ги изведувал работите се правел многу паметен и сега ќе треба да се бара трајно решение. Да Ве информирам дека ниту ние како општина ниту АД Водостопанство на РМ неможеме од сопствени средства да го направиме целиот систем. Проектната документација е одобрена од МЗЖСПП за изградба на нов ободен канал Смиљковци-Брњарци. Техничка документација сеуште немаме. Во соработка со холандски експерти во најава е тие да ја проектираат целокупната реконструкција на каналската мрежа во општината. Ова е само како најава. Дали ние и оваа генерација или некоја следна мора да се соочи со овој проблем. Тоа што било градено во период од 1919 до 1956 година е дотраено. Околу проблемот со узурпацијата на улица Товарник, доколку тоа не биде доброволно ќе се реагира со инспекциски служби.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на земјоделски култури, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за формирање на комисија за процена и утврдување на висината на штетата на градежни објекти, настаната од природни непогоди и други несреќи, на подрачјето на Општина Гази Баба, со **23 гласа "ЗА"**.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Поради извонредни резултати постигнати на меѓународен план на фудбалското школо од Смилковци, побара во идниот ребаланс на Буџетот на општината да се предвидат дополнителни средства за фудбалското школо од Смилковци.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Десеттата седница на Советот на Општина Гази Баба, во 13,30 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**